TOGETHER ADVANCING COMMON TRUST

## Здружение за унапредување
## на меѓусебна доверба ТАКТ

# ГОДИШЕН НАРАТИВЕН И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2021 ГОДИНА

**Проект: ,,Млади и развој на вештини за вработување”**

**Датум на имплементирање: 15.06.2021 до 15.12.2021**

**Опис на проектот**

Проектот "Млади и развој на вештини за вработување" ги вклучи средните стручни училишта во општините Гостивар, Крива Паланка и Карпош. Преку овој проект се вршеше обука на тренери, потоа следуваше и регионален тренинг на инструктори. После обуките на тренери, се организираше летен камп за "Млади и развој на вештини за вработување". Потоа на сцена стапија обучуваните тенери кои одржаа свои работилници и ги применуваа стекнатите знаења.
Преку проектот учесницте се стекнаа со сертификати но и многу забава, спортски активности , нови пријателства и стекнување на вештини неопходни за идни вработувања.

**Подршка:** Германското Друштво за интернационална соработка (GIZ)







TOGETHER ADVANCING COMMON TRUST

## Проект: ,, Национален фитнес ден”

**Датум на имплементирање: 01.01.2020- 31.12.2021**

### Опис на проектот

Двегодишниот проект „Национален фитнес ден “, започна со реализација во 2020-та година. Активностите во рамките на овој проект опфаќаа семинар и организација на настан односно обележување на денот на активноста. Истовремено, беше креирана кампања за подигнување на свеста за значајноста на активниот живот.За време на овој проект се организираа два семинари, еден во 2020 и еден во 2021 година. Во овој настан активно се вклучија над 100 организатори на настани  по година и со тоа беа опфатени илјадници луѓе во нашата држава.

**Подршка:** EuropeActive



TAKT

TOGETHER ADVANCING COMMON TRUST

















**Проект: ,, Вклучување на Роми преку спортот во Европа”**

**Датум на имплементирање: 01.01.2020-30.06.2021**

**Опис на проектот**

Целите на проектот се подигување на свеста за важноста на физичката активност за подобрување на здравјето преку иновативна меѓусекторска соработка; зајакнување и градење капацитети на спортските клубови, младинските организации, граѓански организации чија цел е развивање и испорачување активности засновани на спортот, а кои таргетираат сиромашно население, особено млади Роми.
ТАКТ е дел од новата платформа за интеграција на бегалците преку спорт (IRTS) во која членуваат повеќе од 60тина организации ширум Европа и Западен Балкан.Една од активностите на оваа платформа е и менторска поддршка за сите лица и организации кои сакаат да научат повеќе на оваа тема. Менторите се со големо искуство и експертиза и доаѓаат од спортски и граѓански организации кои подолго време имплементираат активности и придонесуваат кон креирање на политики релевантни за успешна интеграција на бегалци. Исто така, во рамките на овој проект ќе се обучат тренери, младински лидери и вработени во невладини организации со неопходното знаење за реализирање на интервенции засновани на спорт, наменети за сиромашни целни групи, како што се младите Роми.

**Поддршка:** Еразмус +.


Education
Research
Conferences
Local



TOGETHER ADVANCING COMMON TRUST

**Проект: ,, Digital Power Up”**

**Датум на имплементирање: 01.07.2021 до 31.12.2021**

**Опис на проектот**

Проектот "Digital Power Up" има за цел да ја истражи понудата на авантуристички спортски понуди во Маврово и Ростуша и истите да ги дигитализира и направи подостапни за нашите и странските туристи. Со овој проект акцентот го ставме на младите во Маврово и преку истиот се креираше мапа со која се опфати понудата на авантуристичките спортови во Маврово.

**Подржан** : Ambassade de France à Skopje







TOGETHER ADVANCING COMMON TRUST







**Проект: ,, Градиме мостови преку грас-рут спортска дипломатија"**

**Датум на имплементирање: 10.01.2021 до 10.06.2021**

**Опис на проектот**

Проектот ќе овозможи усвојување на стратешки пристап кон спортската дипломатија и ќе обезбеди докази за случаи кога спортот игра важна улога во засилување на клучните дипломатски пораки на ЕУ,придонесувајќи кон зајакнување на дипломатските односи со трети земји. Проектот испитува каква улога игра спортот во борбата против насилството, расизмот, дискриминацијата и нетолеранцијата, поттикнување на социјалната инклузија и еднакви можности во спортот; подобрување на доброто управување во спортот, поттикнување на учеството во спортот и промовирање на доброволна активност во спортот.

Заедно со нашиот партнер Πράσινες Διαδρομές ΚοινΣΕπ Greenways Social Cooperative Enterprise и со поддршка од Општина Ресен ќе го промовираме спортот како алатка за зближување и размена на знаење и искуства помеѓу младите од Преспанскиот регионот од двете земји.Спортската дипломатија игра важна улога во поттикнување на дијалог, градење на партнерства и соработка како и зајакнување на младите од различни региони и држави.

Во рамки на проектот ,,Градиме мостови преку грас рут спортска дипломатија'' се оддржа спортски камп со цел зближување и размена на искуства помеѓу младите од Р.С. Македонија  и Р. Грција. За времетраењето на кампот се применуваа повеќе спортови преку кои младите учеа за солидарност, емпатија, тимска работа и комуникациски вештини.

**Подржан:** U.S. Embassy North Macedonia.





**Проект: „ Aspire”**

**Датум на имплементирање: 01.12.2021 до 01.03.2022**

**Опис на проектот**

Програмата е инспирирана и соработувана со програмата ASPIRE во AtoBe Accelerator во Ерусалим, Израел. Aspire е пред-акцелераторска програма насочена кон создавање енергична заедница за поддршка на претприемачки жени кои сакаат да изградат одржлив старт-ап од нивните иновативни идеи. Главната цел на Aspirer е да обезбеди одржлива средина за учење за женските претприемачи и на тој начин да го зголеми бројот на жени на водечки позиции во израелската индустрија за иновации и претприемништво. Со учество во најсовремена пред-акцелераторска програма, учесниците ќе ја постигнат целта да ги развијат своите пионерски идеи во успешни потфати.

**Поддржан: Israel Ministry of Foreign Affairs**

Aspire
BALKANS

**Проект: ,, Parasport Adventurer"**

**Датум на имплементирање: 01.02 2021 до 31.12.2022**

**Опис на проектот**

Екстремните/авантуристичките спортови се попопуларни од кога било. И тие се одлични алатки за привлекување експлицитни и имплицитно внимание кон загриженост. Проектот се обидува да го искористи вниманието создадено од екстремни спортови за подигање на свеста за извонредните способности на младите луѓе.

**Поддржан од Европска комисија**



## Меморандуми и партнерства

- Потпишан меморандум за соработка со Federation of Sports Pedagogue на Македонија.

- Потпишан меморандум за соработка со Special Olympics Macedonia.

- Развој на вештини за вработување на млади преку спорт за развој е темата на меморандумот кој го потпишавме со Јенс Елснер, раководител на Програмата „Спорт за развој“ и Стефан Богоев, градоначалникот на општина Карпош.



- Потпишавме меморандум за соработка за развој на вештини за вработување кај младите со општина Крива Паланка и ГИЗ С.Македонија .



Потпишавме меморандум за соработка за развој на вештини за вработување кај младите со општина Гостивар .



## Продукти

- Летен спортски камп ,, Спорт за сите”.







Фудбалска академија „Фудбал за сите“! Фудбалската академија ќе биде место за сите момчиња и девојчиња кои го сакаат фудбалот, а немале можност да го играат. ТАКТ и Општина Карпош ќе овомзожат лесен пристап за сите млади. Целта на фудбалската академија е да го слави фудбалот и истовремено да изгради млади со самодоверба, да поттикне тимска игра, солидарност и емпатија. Академијата ќе работи по иновативна програма за спорт за развој, а поддршката ќе ни ја дадат интернационални и домашни експерти.

**ФУДБАЛСКА АКАДЕМИЈА**
**ФУДБАЛ ЗА СИТЕ**

- Конференција за спортска дипломатија



- Креирање на вируелна мапа за авантуристички понуди за проектот ,,Digital Power up”.



- Панел дискусија ,,Локални инцијативи за поголема вклученост на лица со попречености во здрав и активен начин на живот" во Карпош.



- Во рамките на проектот ,,Вклучување на Роми преку спортот во Европа" заедно со нашите партнери креиравме прирачник.

- Креирање на Веб страна која е направена во рамки проектот Спорт за сите поддржан од GIZ North Macedonia

- Работилница за ,,Развој на лидерски вештини на жени во спорт ".

## Финансиски извештај за 2021 година

| конто | донор | побарување | салдо + | салдо - |
|---|---|---|---|---|
| 7403 | AMBASSADE DE FRANCE EN MACEDONIE | 182.927,00 | | -182.927,00 |
| 7403 | ERASMUS + | 118.146,00 | | -118.146,00 |
| 7403 | DEPARTMENT OF STATE USA | 732.028,00 | | -732.028,00 |
| 7403 | ERASMUS +,EUROPEACTIVE | 385.635,00 | | -385.635,00 |
| 7403 | GIZ GMBH SUPPORT | 2.082.453,00 | | -2.082.453,00 |
| 7403 | ERASMUS SPORT | 77.485,00 | | -77.485,00 |
| 7403 | VELEPOSLANSTVO DRZAVE ISRAEL | 316.874,00 | | -316.874,00 |
| **Вкупно** | | **3.895.548,00** | | **-3.895.548,00** |

*ЗУМД ТАКТ ФРАНКИЛН РУЗВЕЛТ 51/4 СКОПЈЕ, МАКЕДОНИЈА ТЕЛ +389 78443498 WWW.TAKT.ORG.MK*